# Томе Аџиевски

# Tome Adžievski



CIX gallery

**Веселите продукти на Големиот Циркус (Original British Museum)**

The Big Circus' Funny Products (Original British Museum)

CIX gallery
Skopje
02-14 12 1998

## Една критика на глобализмот

Најновите размислувања на Томе Аџиевски отвораат нов дискурс во односот меѓу уметноста и критиката и тоа во една опозитна насока. Имено, ликовната критика не е доволна да ги одреди и да ги постави критериумите за еден критички однос кон актуелната глобализација на уметничкото делување. Тој, уште повеќе, смета дека и самото уметничкото делување, или барем неговото, треба да делува како критика. Неговите први пројави со критика на локалната сцена која некритички ги презема случувањата на уметничката сцена во 'западна' Европа датираат уште од 1986. (со проектот *Трчање по Запад*). Таквиот став повторно ќе се јави во проектот *Големиот чекор назад* од 1996/97, овој пат однесувајќи се не толку на локалната сцена, колку на местото на уметникот во денешницата и начинот на неговото присуство во неа. Овој серијал на истражувања конечно ја добива заокруженоста со зафаќањето со една од најспецифичните детерминанти на уметноста денес - глобализмот, односно губењето на специфичното партикуларно (од било која провениенција).

Според Аџиевски, глобализмот ја наметнува својата идеологичност преку 'индоктринацијата со пред-слики'. Ваквата индоктринација ја ослабува можноста за критички избор, бидејќи пред-сликите кои ги нуди како глобални категории или вредности се *a priori* детерминирани. Едновремено, тие се редуцирани до крајниот минимум, за да комуницираат со разменски кодови кои не трпат видоизменување и заради тоа не можат критички да бидат преземени. Ваквата глобализација го оддава впечатокот дека уметничката продукција го има истиот јазик на целата светска сцена (со тоа што говорот на тој јазик се разликува зависно контекстот од кој што произлегува). Но дали, според Аџиевски, треба да биде така? Неговата критика оди понатаму, овој пат повторно засегајќи ги локалните случувања. Латентниот коментар за прифаќањето на редуцираните вредности на пред-сликите без признавање дека станува збор за индоктринација, отвора поле за полемички дискурс околу изворноста на уметничкото дело и заведувањето со него. Тој всушност не се залага толку многу за изворноста, колку што го напаѓа некритичкото преземање на глобалните кодови кои, тенденциозно, треба да *заведат* и да ја добијат наклоноста било на локалната критика (која ја *застапува* тезата за глобализацијата на уметничкото дело), било на меѓународната (која *сака* да ја препознае во локалната уметничка продукција).

Со овој проект уметноста добива друга задача - таа да биде критичар на самата себе. Всушност, согласно актуелните интертекстуални методолошки пристапи, во овој проект се мешаат или се заменуваат местата на уметникот и критичарот, со таа разлика што уметникот не станува критичар со неговата појава *a posteriori*, тој не пишува критика. Замената се однесува на концептот неговата уметност да е критичка сама по себе. Со други зборови, не станува збор за уметник-критичар, туку за уметност-критичар. Тоа значи дека исчитувањето на таквата уметност треба да биде внимателно, особено заради можноста критичките забелешки да бидат препознаени како критизираните заводливи кодови. Затоа Аџиевски внимателно ги избира тежишните точки (или точките на пресврт) кога наместо декомпонирана инсталација ја употребува кохерентноста на скулптурата, кога наместо неавторитетни материјали употребува одливок од бронза, кога наместо да употреби готов предмет тој вaja, кога наместо секојдневен предмет одлива прикази на митови и стереотипи (било од минатото, било од сегашноста), кога наместо нарација на приказната прави пре-конструкција на истата во фотографиите од неговата посета на еден музеј на 'запад'.

Конечно, тоа што Аџиевски со овој проект настојува да го постигне е да ѝ даде друга улога на уметноста, улога која ѝ овозможува да говори за уметноста со јазикот на критиката на самата уметност, односно не само критичарот, туку и уметноста да стане критичар на уметноста.






97



## A Critic of the Globalism

The latest considerations of Tome Adžievski open a new discourse in the relation between the art and the critique, but into an opposite direction. Namely, the art critique is not sufficient to define and set the criteria for a new critical attitude towards the current actualization of the artistic activity. Moreover, he expects the artistic activity, or at least his own activity, to act as a critique. His first engagements in criticizing the local scene that non-critically accepts the occurrences at the art scene in 'western' Europe are dating from 1986 (the project *Running Towards the West*). This attitude was manifested again in the project *The Giant Step Backwards* form 1996/97 which referred not only to the local scene but to the position of the artist in the present and the ways of his existence in it. This sequel of researches finally acquires its completeness with his engaging into one of the most specific determinants of the art today - the globalism, that is, the loss of the specific particular (of any provenience).

According to Adžievski, the globalism imposes its ideology through 'the indoctrination with pre-images'. This indoctrination weakens the possibility for critical choice since the pre-images it offers as global categories or values are *a priori* determined. They are, at the same time, reduced to the extreme minimum in order to communicate with exchange codes that do not allow transformations and, therefore, they can not be critically accepted. This globalization gives the impression that the artistic production utters the same language over the entire world scene (considering that the speeches of that language vary depending on the context they originate from). Yet, according to Adžievski, should it be that way? His critique goes further on, this time dealing with the local occurrences once again. The latent comment on accepting the reduced values of the pre-images that failed to admit the fact that it is a question of indoctrination, opens a field for polemic discourse on the genuineness of the art work and on the act of distracting with it. Actually, he does not insist that much on the genuineness as he attacks the non-critical acceptance of the global codes that are, intentionally, supposed *to distract* and to gain the affection of either the local critique (that *supports* the thesis of globalization of the art work) or the international one (that *wishes* to recognize it in the local art production).

With this project the art is assigned a new task - to be the critic of itself. Actually, in accordance to the current inter-textual methodological approaches, in this project the positions of the artist and the critic are confused or swapped yet the artist does not become a critic by his occurrence *a posteriori*, he does not write critique. The swap refers to the concept that his art is critical by itself. In other words, here we do not have an artist-critic, but an art-critic. It means that the interpretation of such an art should be carried out carefully, minding the possibility to recognize the critical notes as the criticized distracting codes. That is why Adžievski carefully chooses the focal points (or the turning points) and instead of a decomposed installation he uses the coherence of the sculpture, instead of unauthoritative materials he uses a bronze casting, instead of using a ready-made object he sculpts, instead of the everyday object he casts stories of myths and stereotypes (either from the past or from the present), instead of narrating the story he makes a pre-construction using the photographs taken on his visit to a museum in the 'West'.

Therefore, what Adžievski is trying to achieve by this project is to cast an other role to the art, a role that would enable it to speak of the art with the critical language of the art itself, that is, to enable not only the critic but the artist, as well, to become an art critic.







# TOME АЏИЕВСКИ

Роден во Струмица, 1958. Дипломирал на Академијата за ликовни уметности во Загреб (Хрватска), отсек скулптура, 1983. Член на ДЛУМ од 1984. Студиски престој во Англија, Турција и САД.
Адреса: ул. Партение Зографски бр. 39, 91000 Скопје
тел. 091/209-927

Самостојни изложби:
1986 - Скопје, Трчање по запад, Музеј на Македонија
1988 - Струга, Народен музеј
- Скопје, Галерија "25 Мај"
1993 - Скопје, Музеј на современата уметност - Скопје
1997 - Скопје, Музеј на современата уметност - Скопје

Групни изложби:
1985 - Скопје, Експресија, гест, акција, Музеј на Македонија
- Скопје, 7. Традиционална изложба на ситна пластика, Уметничка галерија "Скопје"
- Скопје, ДЛУМ - Цртеж, НУБ "Св. Климент Охридски"
1986 - Скопје, 80-те години во македонската ликовна уметност, Музеј на Македонија
- Скопје, Аквизиции V 1984-1985, Музеј на современата уметност - Скопје
- Скопје, Еротизмот во современата македонска ликовна уметност, Културно информативен центар
- Куманово, Современи македонски сликари (од колекцијата на МСУ - Скопје), Уметничка галерија
- Скопје, Климент и словенските просветители, Уметничка галерија "Скопје"
1987 - Скопје, Аквизиции VI - 1986, Музеј на современата уметност - Скопје
- Скопје, Ликовна колонија "Комуна", Галерија "25 Мај"
- Скопје, 1. Биенале на младите, Музеј на современата уметност - Скопје
- Скопје, Ликовен салон на млади, Музеј на Македонија
- Мурска Собота (Словенија), 8. Југословенско биенале на ситна пластика, Galerija "Misko Kranjec"
1988 - Скопје, Цртеж... Цртеж - Објект - Ликовен круг "25", Галерија "25 Мај"
- Скопје, Аквизиции VII - 1987, Музеј на современата уметност - Скопје
1988/89 - Куманово, Уметничка галерија; Скопје, Музеј на современата уметност - Скопје, Скулптура - простор
1989 - Белград (Југославија), 15. Салон на архитектура, Muzej primenjene umetnosti
- Херцег Нови (Југославија), 22. Херцегновски зимски салон, Galerija "Josip Bepo Benkovic"
- Куманово, Уметничка галерија; Штип, Уметничка галерија "Безистен", Млади македонски сликари (од колекцијата на Музејот на современата уметност - Скопје)
- Риека (Хрватска), 15. Биенале на младите, Moderna galerija
- Панчево, 5. ПИЈС, Galerija "Olga Petrov"
- Сараево (Босна), Југословенска Документа '89, Skenderija
- Скопје, 2. Биенале на младите, Музеј на современата уметност - Скопје
- Скопје, Ситна пластика, Салон на ДЛУМ
1990 - Битола, Млади македонски сликари (од колекцијата на МСУ - Скопје), Уметничка галерија
- Панчево (Југославија), Galerija "Olga Petrov"; Зрењанин, Savremena galerija, Нови движења во македонската ликовна уметност
1991 - Панчево, 6. ПИЈС, Galerija "Olga Petrov"
- Риека (Хрватска), 16. Југословенско биенале на младите, Moderna galerija
- Мурска Собота (Словенија), 10. Меѓународно биенале на ситна пластика, Galerija "Misko Kranjec"
- Скопје, 3. Биенале на младите, Музеј на современата уметност - Скопје
- Скопје, Ситна пластика, Уметничка галерија "Скопје"
1992 - Скопје, 1. Зимски салон, Уметничка галерија "Скопје"
- Куманово, Современи македонски сликари и скулптори (од колекцијата на МСУ- Скопје), Уметничка галерија
1994 - Нирнберг (Германија), 7 уметници од Скопје, Македонија, Kunstbunker
- Дрезден (Германија), 7 уметници од Скопје, Македонија, Galerie im Kulturrathaus der Stadt Dresden
- Галичник, Ликовна колонија "Галичник", Хотел "Неда"
- Скопје, Антологија на македонската ликовна уметност 1894-1994, МСУ - Скопје
1995 - Скопје, 9 1/2: Нова македонска уметност, Музеј на современата уметност - Скопје
1995/96 - Берлин (Германија), 5 уметници од Македонија, Medien Galerie
1996 - Скопје, Ликовна колонија "Галичник", Уметничка галерија "Скопје"
- Њу Јорк (САД), Македонска недела на младите и културата, Palace of ON
- Скопје, Аквизиции 1986-1996, Музеј на современата уметност - Скопје
- Париз (Франција), 75 Уметници од Македонија, Cité International des Art
- Скопје, 75 Уметници од Македонија, Уметничка галерија "Скопје"
1997 - Берлин (Германија), Паралели - Уметност од Македонија, IFA Galerie
1998 - Битола, Куманово, Уметничка галерија, Екстензија на кадарот - нова македонска фотографија
- Скопје, Проект Ретуш (заедно со Марика Бочварова Плавевска), 1111 Портрет, Четврта годишна изложба на Сорос Центарот за современи уметности - Скопје, Х'взи пашини конаци
- Струмица, Избор 97, Дом на културата

Инсталации и перформанси:
1986 - Скопје, Голема нова слика, Тврдина Кале
- Скопје, Инсталации и интервенции Шемов - Фидановски, Самостојна инсталација "Киклоп", МСУ - Скопје
1987 - Скопје, Просторен ритам, Тревник пред МНТ
1988 - Скопје, Просторна скулптура, Плато пред Домот на младите "25 Мај"
1992 - Анталија (Турција), Перформанс "Порака", City Gallery
- Манчестер (Англија), Уметноста покрај каналот, Mossley

Награди:
1982 - Загреб (Хрватска), Сојуз на социјалистичката младина на Хрватска, награда за скулптура
1986 - Скопје, Награда на ДЛУМ "Нерешки мајстори" за скулптура
1987 - Скопје, 1. Биенале на младите, откупна награда за скулптура на РЗК
1989 - Скопје, Ситна пластика, Салон на ДЛУМ, награда за ситна пластика

# TOME ADŽIEVSKI

Born in Strumica, 1958. Academy of Fine Arts in Zagreb (Croatia), Department of Sculpture, BFA 1983.
Member of DLUM (Macedonian Association of Fine Artists) since 1984.
Residence in England, Turkey and USA.
Address: ul. Partenie Zografski br. 39, 91000 Skopje, Republic of Macedonia
tel. ++389.91/209-927

Solo Exhibitions:
1986 - Skopje, Running after West, Museum of Macedonia
1988 - Struga, National Museum
- Skopje, Gallery "25 May"
1993 - Skopje, Skopje Museum of Contemporary Art
1997 - Skopje, Skopje Museum of Contemporary Art

Group Exhibitions:
1985 - Skopje, Expression, Gesture, Action, Museum of Macedonia
- Skopje, 7th Traditional Exhibition of Small Sculpture, Art Gallery "Skopje"
- Skopje, DLUM - Drawing, National and University Library "St. Kliment Ohridski"
1986 - Skopje, 80's in Macedonian Fine Art, Museum of Macedonia
- Skopje, Acquisitions V 1984-1985, Skopje Museum of Contemporary Art (MoCA)
- Skopje, The Eroticism in Macedonian Contemporary Fine Art, Cultural and Informative Center
- Kumanovo, Contemporary Macedonian Painters (from the collection of Skopje MoCA), Art Gallery
- Skopje, Kliment and the Slavic Enlighteners, Art Gallery "Skopje"
1987 - Skopje, Acquisitions VI - 1986, Skopje MoCA
- Skopje, Art Colony "Komuna", Gallery "25 May"
- Skopje, 1st Youth Biennial, Skopje MoCA
- Skopje, Art Salon of the Youth, Museum of Macedonia
- Murska Sobota (Slovenia), 8th Yugoslav Biennial of Small Sculpture, Gallery "Misko Kranjec"
1988 - Skopje, Drawing... Drawing - Object - Fine Artistic Circle "25", Gallery "25 May"
- Skopje, Acquisitions VII - 1987, Skopje MoCA
1988/89 - Kumanovo, Art Gallery; Skopje, Skopje MoCA, Sculpture - Space
1989 - Belgrade (Yugoslavia), 15th Salon of Architecture, Museum of Applied Arts
- Hertseg Novi (Yugoslavia), 22nd Hertseg Novi Winter Salon, Gallery "Josip Bepo Benkovic"
- Kumanovo, Art Gallery; Stip, Art Gallery "Bezisten", Young Macedonian Painters (collection of Skopje MoCA)
- Rijeka (Croatia), 15th Yugoslav Youth Biennial, Modern Gallery
- Pancevo (Yugoslavia), 5th PIJS (Pancevo Exhibition of Yugoslav Sculpture), Gallery "Olga Petrov"
- Sarajevo (Bosnia), Yugoslav Documenta '89, Skenderija
- Skopje, 2nd Youth Biennial, Skopje MoCA
- Skopje, Small Sculpture, Salon of DLUM
1990 - Bitola, Young Macedonian Painters (collection of Skopje MoCA), Art Gallery
- Pancevo (Yugoslavia), Gallery "Olga Petrov"; Zrenjanin, Modern Gallery, New Movements in the Macedonian Fine Arts
1991 - Pancevo, 6th PIJS (Pancevo Exhibition of Yugoslav Sculpture), Gallery "Olga Petrov"
- Rijeka (Croatia), 16th Yugoslav Youth Biennial, Modern Gallery
- Murska Sobota (Slovenia), 10th International Biennial of Small Sculpture, Gallery "Misko Kranjec"
- Skopje, 3rd Youth Biennial, Skopje MoCA
- Skopje, Small Sculpture, Art Gallery "Skopje"
1992 - Skopje, 1st Winter Salon, Art Gallery "Skopje"
- Kumanovo, Contemporary Macedonian Painters and Sculptors (collection of Skopje MoCA), Art Gallery
1994 - Nurnberg (Germany), 7 Artists from Skopje, Macedonia, Kunstbunker
- Dresden (Germany), 7 Artists from Skopje, Macedonia, Galerie im Kulturrathaus der Stadt Dresden
- Galicnik, Art Colony "Galicnik", Hotel "Neda"
- Skopje, Anthology of Macedonian Art 1894-1994, Skopje MoCA
1995 - Skopje, 9 1/2: New Macedonian Art, Skopje MoCA
1995/96 - Berlin (Germany), 5 Artists from Macedonia, Medien Galerie
1996 - Skopje, Art Colony "Galicnik", Art Gallery "Skopje"
- New York (USA), Macedonian Week of Youth and Culture - Sense and Sensibility, Palace of UN
- Skopje, Acquisitions 1986-1996, Skopje MoCA
- Paris (France), 75 Artists from Macedonia, Cité International des Art
- Skopje, 75 Artists from Macedonia, Art Gallery "Skopje"
1997 - Berlin (Germany), Parallelen - Kunst aus Mazedonien, IFA Galerie
1998 - Bitola, Art Gallery; Kumanovo, Art Gallery, Extension of the Frame - New Macedonian Photography
- Skopje, Retouch (together with Marika Bocvarova Plavevska), 1111 Portrait, Fourth Annual Exhibition of the Soros Center for Contemporary Art - Skopje, H'vzi Pasini Konaci
- Strumica, Selection 97, Cultural House

Installations and Performances
1986 - Skopje, Kale Fortress, Big New Painting
- Skopje, Installations and Interventions with Semov - Fidanovski, Installation "Cyclops", Skopje MoCA
1987 - Skopje, Spatial Rhythm, Lawn in front of the Macedonian National Theatre
1988 - Skopje, Spatial Sculpture, Square in front of the Youth Cultural Center
1992 - Antalya (Turkey), Performance Message, City Gallery
- Manchester (England), Art along the Tame Valley, Mossley

Awards:
1982 - Zagreb (Croatia), Association of Socialist Youth of Croatia, Award for sculpture
1986 - Skopje, Award of DLUM "Nereski Majstori" for sculpture
1987 - Skopje, 1st Youth Biennial, Purchased Award of RZK for sculpture
1989 - Skopje, Small Sculpture, Salon of DLUM, Award for small sculpture

*издавач:* Сорос Центар за современи уметности - Скопје, Македонија (SCCA); *за издавачот:* Небојша Вилиќ; *предговор:* Небојша Вилиќ; *фотографии:* Томе Аџиевски и Румен Ќамилов; *превод на англиски:* Маја Хаџимитрова-Иванова; *каталошки податоци:* Калина Буневска; *ликовно и техничко обликување:* SCCA Paper_ Lab; *печатница:* Lourens Coster, Скопје; *тираж:* 500; *published by:* Soros Center for Contemporary Arts - Skopje, Macedonia; *editor in chief:* Nebojša Vilić; *preface:* Nebojša Vilić; *photographies:* Tome Adžievski and Rumen Ćamilov; *translated into English:* Maja Hadzimitrova-Ivanova; *catalogue data:* Kalina Bunevska; *lay-out:* SCCA Paper_ Lab; *printed by:* Lourens Coster; *copies:* 500; ISBN: 9989-745-29-3. © 1998 by SCCA - Skopje. All material © 1998 by the SCCA-Skopje, artist and writer.

